# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка

Согласно Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.14/21), Програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.04/22) и Програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.10/22) реализирани и во фаза на реализација се следните активност:

Од Глава I на Програмата – Изработка на сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка, изработени и донесени се следните сообраќајни проекти:

- Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај за улица Херој Карпош;
- Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Ратко Минев;
- Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Македонска;
- Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Лозановска;
- Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Ацо Шопов,

Изработката на сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка е извршена од страна на правното лице Инт Глобал Инжинеринг АБ ДООЕЛ Битола, со договор бр 19-1028/11 од 10. 05 2022 г.

Од Глава I на Програмата – Изработка на сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка, во постапка на изработка и донесување се следните сообраќајни проекти:

- Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај за улица Св.Јоаким Осоговски;
- Изработка на сообраќаен проект за зонско паркирање на територијата на Општина Крива Паланка.

Во Глава II од Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка со сите нејзини измени, реализирани се следните активности:

-поставена е нова хоризонтална сигнализација на улица Св. Јоаким Осоговски, на потегот кај новиот градски плоштад и обновена е постоечката хоризонтална сигнализација на целиот потег на ул.Св.Јоаким Осоговски.
Оваа активност е реализирана од страна на правното лице Виа Сигнал ДООЕЛ Скопје, со која е склучен Договор бр.19-761/8 од 28.02.2022 година.

-поставена е нова вертикална сигнализација на улица Св. Јоаким Осоговски, на потегот кај новиот градски плоштад и извршена е замена на оштетени сообраќајни знаци со нови, на целиот потег на ул.Св.Јоаким Осоговски.
Оваа активност е реализирана од страна на правното лице ДПУИ БОЈТА ИНГ ДООЕЛ Скопје, со која е склучен Договор бр.19-362/7 од 28.02.2022 година.

Сретствата кои се потрошени од Буџетот на Општината за реализација на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/21, Програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.04/22) и Програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.10/22 изнесуваат:

1.За реализација на Глава I од Програмата, потрошени се сретства во висина од **52.864,00 ден**

2.За реализација на Глава II од Програмата,
-поставување на хоризонтална сигнализација, потрошени се сретства во висина од **212.204,00** ден;
-поставување на вертикална сигнализација, потрошени се сретства во висина од **136.853,00** ден;
Вкупно потрошените сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за реализација на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка со сите нејзини измени се во вредност од **401.921,00 ден.**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Одделение за урбанизам, сообраќај и
заштита на животна средина